**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Деветнаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 01.12.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на деветнаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Беким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Миле Грozданоски, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак, Владимир Палашевски, Марјан Велевски и Билјана Бабиќ.*

Други присутни на седницата: *Горан Атанасов Директор на Заеднички функции и администрација.*

Деветнаесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:09 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Деветнаесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 18-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Избор на комисија за спроведување на постапка за избор на членови на Надзорниот одбор.**
3. **Информација во врска со Жалба од Адвокатско друштво Менкиновски.**

Претседателот Давор Пашоски пред да го стави предложениот дневен ред на гласање, истакна дека има должност во рамки на оваа седница да ги образложи и разјасни ставовите и дилемите што биле изнесени надвор од официјален канал на комуникација, од страна на колегите Томислав Кежаровски и Беким Лачи.

Тој напомена дека ова го прави и поради тоа што, согласно член 15 од Деловникот единствениот официјален начин на комуникација меѓу седници е електронската пошта, додека Вибер и други неформални канали не се сметаат за официјални. Затоа сите прашања треба да се отворат и да се дискутираат на седниците на Програмскиот совет.

Во однос на ставот на колегата Томислав Кежаровски, кој оценил дека, според неговото читање на член 153 од Законот, најнапред треба да се донесе Статутот, а потоа да се распише конкурсот за Надзорниот одбор и за директор и заменик директор.

Со цел да се расчисти дилемата околу член 153 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседателот Давор Пашоски информираше дека оваа одредба е дел од преодните и завршни одредби и имала еднократно дејство, исклучиво во периодот на транзицијата од стариот Управен одбор кон новиот Надзорен одбор.

Бидејќи таа транзиција е одамна завршена, член 153 денес не произведува правни дејствија, па затоа Програмскиот совет постапува во согласност со важечките одредби од Законот, особено член 129 според кој за донесување на нов Статут е потребна согласност од Надзорниот одбор, па затоа прво е потребно да се спроведе избор на Надзорен одбор, потоа да се донесе нов статут и на крај да се распише конкурс за директор и заменик директор.

Во однос на коментарите на колегата Беким Лачи, кој упати на член 43 од Законот и смета дека рокот за распишување конкурс за директор и заменик директор тече од донесувањето на Деловникот, Претседателот појасни дека Програмскиот совет постапува строго согласно Законот и сите релевантни процедури. Член 43 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Сл. весник на РМ“ бр. 248/2018) е многу јасен, новиот Програмски совет најнапред мора да ги донесе подзаконските акти, а потоа во рок од 15 дена да распише конкурс за директор и заменик директор. За МРТ, тој подзаконски акт е Статутот, а не Деловникот за работа на Програмски совет на МРТ.

Но, за да може да се донесе Статутот, Законот пропишува обврска која предвидува дека Надзорниот одбор на МРТ мора да даде согласност на предлог-Статутот согласно член 129 став 1 алинеја 4 од основниот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Затоа првиот чекор е избор на Надзорен одбор.

Тој продолжи дека токму овде се појавила законската пречка, односно, изборот на Надзорниот одбор бил во застој поради забраните од член 8-а од Изборниот законик, кои изрично забрануваат избори и именувања за време на изборен процес. Со завршувањето на изборите, пречките се отстранети и веќе од 21 ноември огласот за избор на Надзорен одбор е објавен.

Претседателот Давор Пашоски истакна дека се надминати пречките за продолжување на процесот во законски пропишаниот редослед, кој предвидува прво избор на Надзорен одбор, потоа донесување Статут и потоа распишување конкурс за директор и заменик директор и дека всушност, тоа е единствениот редослед кој е утврден според Законот.

Токму затоа на денешната редовна седница е ставена точката за избор на Комисијата што ќе ја спроведува постапката за избор на членови на Надзорниот одбор како следен формален и неопходен чекор.

Со ова, тој даде уверување дека Програмскиот совет постапува целосно транспарентно и во согласност со Законот.

Воедно, укажа дека е необично што веднаш по отворањето на оваа тема во нашата интерна и неформална комуникација, следниот ден медиум побарал информација за истите

прашања. Тој извести дека одговорот кој бил даден од негова страна бил во линија со правната аргументација што на денешната седница била изнесена пред Советот.
Исто така тој истакна дека согласно член 39 од Деловникот, членовите на Советот работат заедно и седницата е местото каде што треба да се дискутираат ваквите прашања.
Како претседател, тој е изрази уверување дека сите членови имаат исто чувство на одговорност – да го водат Советот во интерес на МРТ и јавноста, да обезбедат стабилен институционален напредок и да не се создава впечаток за недоволна усогласеност во овој суштински период од работењето на Советот.
По сето горенаведено, Претседателот Давор Пашоски им даде збор на останатите членови на Програмскиот совет.

Прв зема збор Томислав Кежаровски кој истакна дека, откако Претседателот Давор Пашоски му одговорил како што е наведено и погоре, му се разјасниле дилемите и затоа повеќе немал нејаснотии околу тоа прашање.

Потоа зема збор Беким Лачи кој исто така истакна дека му се разјасниле дилемите и воедно откога го прочитал членот 43 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги увидел дека кај АВМУ подзаконски акт е Деловник за работа, додека кај МРТ подзаконски акт е Статутот и рече дека повеќе нема дилеми околу тоа прашање.

Потоа збор зема Ивана Ефремовски која истакна дека не е во ред, надвор од овие простории да слуша како колеги новинари зборуваат во врска со оваа тема, а разговорите се воделе во интерна вибер група.

Следна зема збор Маја Седрак која рече дека за овие работи е потребно правно толкување, како би можеле работите да се разјаснат од правен аспект. Таа укажа на тоа дека дилемите ги разбираат инстинктивно, но потребно е правно толкување, како што е и наведено погоре од страна на Претседателот на Советот. Воедно побара во иднина службите да бидат на располагање како би можеле да се надминат евентуалните дилеми кои би ги имале членовите на Програмски Совет.

Понатаму се јави за збор Лазо Трпков кој рече дека доколку сите се согласуваат со предлогот на Претседателот, отсега официјалната комуникација да биде на меил. Воедно тој истакна дека уште од третата седница на Програмскиот совет се разговара за овие прашања и небулози, кои уште тогаш биле разјаснети, додека сега е веќе деветнаеста седница и до сега требало на сите членови да им бидат разјаснети сите дилеми по однос на горенаведеното

прашање. Тој предложи за во иднина да нема повеќе дилеми и недоумици, ваквото образложение да биде напишано во Записникот.

Претседателот Давор Пашоски повторно ја образложи постапката за избор на Надзорен одбор, Директор и Заменик директор, која ќе биде напишана во овој записник и ќе стои како ЗАКЛУЧОК, за во иднина да нема повеќе дилеми по однос на ова прашање, а постапката мора да се спроведе согласно ЗААМУ по следниот редослед: најнапред Програмскиот совет треба да избере нов Надзорен одбор по пат на јавен конкурс; потоа новоизбраниот Надзорен одбор, согласно Законот, треба да даде согласност на предлог-Статутот на МРТ; по донесувањето на новиот Статут, Програмскиот совет ќе ја донесе Одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на Директор и Заменик директор.

Претседателот го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**

Претседателот Давор Пашоски повторно образложи дека Законот по кој се работи е конфузен и правниот след на акти не се зема во предвид, по што истана дека се работи по член 43 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а целата процедува се одложи поради Локалните избори. Доколку не бил изборниот процес, изборот за Надзорен одбор, Статут и Директор и Заменик директор ќе беа реализирани навремено.

По се горенаведено и сите разјаснети дилеми Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ,**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 18-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Понатаму, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски го прочита текстот на Предлог-записникот од Осумнаесетата седница на Програмскиот совет, по што текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Избор на комисија за спроведување на постапка за избор на членови на Надзорниот одбор.**

Согласно Статутот на МРТ, постапката за избор на членови на Надзорниот одбор ја спроведува Комисија формирана од Програмскиот совет. Комисијата утврдува дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите утврдени во конкурсот и доставува список на сите пријавени кандидати наведувајќи кои од кандидатите ги исполнуваат и кои не ги исполнуваат пропишаните услови. Потоа, на посебна седница, за секој кандидат се гласа поединечно и за избрани се сметаат кандидатите кои добиле најголем број гласови од вкупниот број на членови на Програмскиот совет на МРТ.
Во таа смисла, Претседателот го предложи следниот состав на Комисијата:
Давор Пашоски, во својство на Претседател на Програмскиот совет,
Патриот Лумани, во својство на Потпретседател на Програмскиот совет,
Маја Седрак, член на Советот, со долгогодишно искуство во спроведување голем број конкурси во матичната институција Министерството за култура и туризам, со целосно познавање на законските процедури,
Лазо Трпков, член на Советот, со долгогодишно административно искуство,
Ивана Ефремовски, член на Советот и одговорно лице за односи со јавност.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски го стави на гласање предложениот состав на Комисијата.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Информација во врска со Жалба од Адвокатско друштво Менкиновски.**

Жалбата е примена во архивата на МРТ, но не е формално адресирана до Програмскиот совет, туку до Второстепената комисија.
Доколку второстепената комисија побара од Програмскиот совет да даде одговор, ќе се постапи согласно надлежностите.
Претседателот предложи заклучок службите да дадат писмено мислење дали треба да се чека оформување предмет од надлежното тело или е потребно да се подготви одговор по оваа жалба и покрај тоа што формално не е побарано од Програмскиот совет.

Збор зема Томислав Кежаровски кој рече дека треба да се чека Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен да се изјасни, бидејќи ако Програмскиот совет донесе став, тоа би значело дека врши притисок на Комисијата.

Претседателот Давор Пашоски се согласи со Томислав Кежаровски и рече дека за да се постапи во Управна постапка, надлежно тело треба да се обрати до Програмскиот совет, а тоа бидејќи лицето било со Авторски договор, а не во редовен работен однос во МРТ.

Потоа Маја Седрак зема збор и рече дека Второстепена комисија одлучува во втор степен, Програмскиот совет е всушност Управен одбор на МРТ, па според неа Директорот на МРТ треба да даде одговор.

Следен зема збор Директорот на заеднички функции и администрација Горан Атанасов, кој рече дека има правилник за авторски договори и дека лице со авторски договор може да ангажира кој било. Во конкретниов случај сите хонорари по однос на Авторски договори му се исплатени. Лицето бара небулозни работи кои се недозволиви, затоа што тој не бил вработен во МРТ, а воедно досега се нема пријавно на ниту еден конкурс за вработување.

Понатаму продолжи Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски, кој потсети дека на 17-та седница беше усвоен заклучок со кој се бара Одговорната уредничка на МТВ2 да достави писмено образложение за наводите во дописот на Културно-уметничката програма на МТВ2 и за мерките за подобрување на меѓуредакциската координација.
Во таа смисла Програмскиот совет ја задолжува Одговорната уредничка на МТВ2 најдоцна до следната седница да достави писмен одговор со целосно образложение, согласно усвоениот заклучок.

Потоа се јави за збор Ивана Ефремовски која информираше за Покана која пристигнала до Програмскиот совет на МРТ од Македонски институт за медиуми, а која се однесува за конференција “Иднината на медиумите, иднината на демократијата” која ќе се одржи на 04.12.2025 година, со почеток во 12:00 часот, во хотел “Лимак” во Скопје. Во поканата се вели дека во рамки на конференцијата ќе бидат претставени главните наоди од финалното истражување спроведено од МИМ, а се однесува на состојбите и трендовите во медиумската сфера, како и на перцепциите на граѓаните и на медиумските професионалци за перспективите на новинарството и на медиумите во земјава.

Следен за јави за збор Миле Гроздановски кој даде информација за неговото присуство на средбата организирана од страна на Советот за етика во медиумите (СЕММ) и Македонскиот институт за медиуми, каде тој информирал за подготовка на Петгодишната стратегија која е во план Програмскиот совет да ја спроведе и ги запознал присутните со се што е во план МРТ да реализира во натамошниот период.

На крај, земајќи го предвид тоа што Јавниот конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор трае заклучно со 05.12.2025г, како и фактот дека дел од кандидатите своите пријави може да ги достават по пошта, и имајќи ја предвид околноста што 08.12.2025. е државен празник, Комисијата ќе ја одржи својата работна средба на 12.12.2025 со цел да ги разгледа сите пристигнати пријави. Соодветно на тоа, седницата за избор на членови на Надзорниот одбор би се одржала на 16.12.2025 година во 11:00 часот.
Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари на конструктивната средба и ја затвори Деветнаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 11:51 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6693/4
01.12.2025г.

_________________________
Давор Пашоски